РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-1236/2
12. 05 20 25 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот НАТУРА МК застапник Бул. “Видое Смилевски Бато” бр. 39-1/26 Скопје, со број 10-1236/1 од 08.05.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот НАТУРА МК застапник заверено под број 10-1236/1 од 08.05.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата НАТУРА МК застапник преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 08.05.2025 година заверено под број 10-1236/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: Линк или електронска верзија од документот -План за управување со заштитеното подрачје Споменик на природата Преспанско Езеро и годината кога е донесен планот; Линк или електронска верзија од документот -План за управување со заштитеното подрачје Парк на природа Езерани и годината кога е донесен планот.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира дека План за управување со споменик на природа Преспанското Езеро за период од 2024 до 2033 година донесен од Совет на Општина Ресен и објавен во “Службен Гласник” бр.4/2024 година; План за управување со парк на природата Езерени (2012 - 2021) последно е донесен на 26.09.2012 година и објавен е во “Службен Гласник” бр.7/2012 година. Во прилог Ви доставуваме линкови од плановите.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**